Влада на Република Северна Македонија

З А П И С Н И К
од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,
одржана на 13 јули 2024 година

Скопје, јули 2024 година

**З А П И С Н И К**
**од Петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 13 јули 2024 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео - конференциска врска со употреба на интернет - комуникација започна во 21:05 часот.

Со седницата претседаваше Александар Николоски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за транспорт.

На седницата учествуваа м-р Изет Меџити, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за животна средина и просторно планирање, Љупчо Димовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политички систем, Иван Стоилковиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за односи меѓу заедниците, Арбен Фетаи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење и членовите на Владата, Владо Мисајловски, министер за одбрана, Панче Тошковски, министер за внатрешни работи, Игор Филков, министер за правда, д-р Тимчо Муцунски, министер за надворешни работи и надворешна трговија, м-р Орхан Муртезани, министер за европски прашања, м-р Гордана Димитриеска Кочоска, министер за финансии, Бесар Дурмиши, министер за економија и труд, м-р Сања Божиновска, министер за енергетика, рударство и минерални суровини, Цветан Трипуновски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Арбен Таравари, министер за здравство, д-р Весна Јаневска, министер за образование и наука, Фатмир Лимани, министер за социјална политика, демографија и млади, м-р Златко Перински, министер за локална самоуправа, Зоран Љутков, министер за култура и туризам, м-р Стефан Андоновски, министер за дигитална трансформација, Горан Минчев, министер за јавна администрација, Борко Ристовски, министер за спорт, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Игор Јанушев.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

На седницата не учествуваа проф. д-р Христијан Мицкоски, претседател на Владата на Република Северна Македонија и д-р Шабан Салиу, министер без ресор, задолжен за интеграција и имплементација на Стратегијата за инклузија на Ромите 2022-2030.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

## ДНЕВЕН РЕД

1. Записник од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 13 јули 2024 година, со Записник од Првата седница на Групата за процена, одржана на 13 јули 2024 година, со Предлог – одлука

2. Прашања и предлози

*

*          *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

### Точка 1

Владата го разгледа Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 13 јули 2024 година, со Записник од Првата седница на Групата за процена, одржана на 13 јули 2024 година и Предлог-одлука и притоа заклучи:

1. Го усвои Записникот од Втората седница на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, одржана на 13 јули 2024 година.

2. Ја донесе Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија.

3. Периодот на постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија е во траење од 30 дена.

4. Се задолжува Министерството за внатрешни работи да ангажира полициски сили во функција на поддршка при гасење на пожарите.

5. Се задолжува Министерството за здравство и здравствениот персонал од општа и медицина на трудот да бидат во приправност за времетраењето на кризната состојба.

6. Се задолжува Министерството за финансии да обезбеди дополнителни наменски финансиски средства доколку за тоа се покаже потреба.

7. Да се информираат Претседателот на Република Северна Македонија и Собранието на Република Северна Македонија за донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, согласно член 31 од Законот за управување со кризи.

8. За операционализација на Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемена појава на пожари на територијата на Република Северна Македонија, а врз основа на дадениот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување со системот за управување со кризи, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Претседателот на Република Северна Македонија да одлучи за учество на дел од припадниците на Армијата на Република Северна Македонија (вид и број на сили и капацитети на армиските единици, намена и задачи за кои се бараат и времетраењето на активноста и ангажираноста на армиските единици), во справувањето со кризната состојба.

9. Се задолжува Главниот штаб при Центарот за управување со кризи, да ги следи состојбите, да координира со активностите и редовно да ја информира Владата.

10. Главниот штаб при Центарот за управување со кризи веднаш да започне со подготовка на акциски план за превенција и справување со пожарите, како и целосен преглед на расположливи човечки и материјално – технички ресурси и план за координирано дејствување.

11. Во случај на потреба заради справување со кризната состојба да се координира и организира учество на меѓународни организации, институции и поединци.

Истовремено, Владата упатува апел до граѓаните за внимателност при движењето во шуми и шумските појаси и областите зафатени со пожари.

За ова, се задолжува Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми" - П.О. Скопје, за наредната седница на Владата да информира за состојбите и потребата од ограничување на движењето на лица во шумите и шумските појаси.

**<u>Точка 2</u>**

По оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 21:30 часот.

**Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија**

**Игор Јанушев**

**Заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија**

**Александар Николоски**

Подготвил: Даниела Давитковска
Проверил: : Катерина Јаневска
Контролирал: Jetmira Maliqi
Согласен: Зоран Брњарчевски